# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
## АРХИЕПИСКОПСКИ ЦРКОВЕН СУД


бр. 06
Скопје, 19.11.2021

Врз основа на поднесеното барање од Митрополитот Европски г. Пимен, ја даваме следнава

**ПОТВРДА**

Архиепископскиот црковен суд ( АЦС ) на Македонската православна црква – Охридска архиепископија ( МПЦ-ОА ), на седницата одржана на 23.09.2021 година, со која претседаваше Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, како заменик на претседателот на Судот, согласно Уставот на МПЦ-ОА чл. 144 и чл. 147 ст. 2, разгледувајќи ја пресудата на Епархискиот црковен суд ( ЕЦС ) на Струмичката епархија, бр. 01/2021 од 19.05.2021 година, која се однесува на обвинетиот протојереј **Боро Милчев,** откако го разгледа целокупниот материјал по првостепената пресуда, истата ја **потврди** со свое решение бр. 03/2021 година од 23.09.2021 година.

Согласно членот 145 и 146 од Уставот на МПЦ-ОА, заменикот на Архиепископот како претседател на Судот, ги има сите права во врска со раководење со седницата на Судот, како и потпишување на сите решенија и пресуди, кои се донесени на седницата со која претседавал.

Имајќи го ова во предвид, ја **потврдуваме валидноста** на *решението* на Архиепископскиот црковен суд под бр. 03/2021 година, потпишано од Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф , со кое е потврдена пресудата на Епархискиот црковен суд на Струмичката епархија бр. 01/2021 година од 19.05.2021 година, која се однесува на расчинетиот Боро Милчев.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА

АРХИЕПИСКОПСКИОТ ЦРКОВЕН СУД

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

Македонска православна црква - Охридска архиепископија АРХИЕПИСКОПСКИ ЦРКОВЕН СУД * СКОПЈЕ *


Бул. Партизански одреди бр.12, 1000 Скопје тел. 02/3162-526; 3115-883